**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од третото продолжение на 21 -та седница**
**на Собранието на Република Македонија,**
**одржано на 25 јуни 1999 година, со почеток во**
**11,40 часот**

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве известувам дека денеска немаме услови за работа.

Пријавени се со своите картички само 51 пратеник.

Еве веќе скоро 40 минути чекаме, немаме доволно пратеници, еве сега гледам дека дошол уште еден пратеник, што значи дека не можеме да чекаме со саати.

И комисија да има, нам ни требаат најмалку уште 10 пратеници за да можеме да почнеме со работа.

Навистина сме доведени во ситуација еве и после 40 минути да констатираме дека имаме само 50-тина присутни пратеници.

Немаме никакви услови ниту изгледи да чекаме уште за да можеме да работиме.

Со оглед дека немаме доволен број пратеници, еве сега се вкупно 52 односно 53, што значи дека денеска ќе треба да ја одложиме оваа седница поради немање на кворум.

Во таа ситуација јас размислував да закажам за вторник, но во вторник има многу работни тела кои работат за седницата во среда.

Во тој случај оставете ми оваа седница да ја закажам повторно - дополнително, тогаш кога ќе ја завршиме 22-та седница, што ќе се држи во среда 30 јуни и ќе утврдиме соодветен термин кога не ќе има многу комисии, не ќе има многу обврски, кога реков комисии, мислев на странските делегации што доаѓаат, за да можеме оваа седница да ја завршиме.

Според тоа, мене ми е многу жал, но денеска немаме услови за работа, ќе го закажам дополнително продолжувањето на оваа седница.

(Известувањето од претседателот траеше околу 5 минути).